ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ
Бр. 24/25
11.12.2025 год.
КУМАНОВО

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука
Shkolla e mesme shtetërore Qendra rajonale e për arsim profesional dhe trajnim
"КИРО БУРНАЗ"-"KIRO BURNAZ"
Бр. Nr. 03-1469
11.12.2025 год. vj.
Куманово-Kumanovë

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 11.12.2025, помеѓу

1. Здружение на просветни работници Куманово, со седиште на ул. „Братство единство" бб, застапувано од претседател Анита Димовска;

2. ДСУ - РЦСОО „Киро Бурназ" Куманово, со седиште во с. Долно Којнаре - Куманово, застапувано од в.д. директор Горан Јовановиќ;

Во натамошниот текст странките потписнички

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Меморандум за соработка се дефинираат моделите на соработка помеѓу Здружение на просветни работници Куманово и ДСУ - РЦСОО „Киро Бурназ" Куманово кои ќе се засноваат на заемна доверба и разбирање реализација на низа активности кои се од интерес и бенефит за двете страни.

### Член 2

Двете страни потписници на овој Меморандум за соработка ќе се стремат кон остварување на следните цели:

- Заемна размена на информации, знаења и искуства од областите на образованието;
- Учество, соработка и реализација на заеднички проекти;
- Одбележување на значајни настани преку организирање на работилници, предавања, трибини, промоции со наставници, ученици, родители и соработници од двете страни од договорот;
- Учество во активности за унапредување на воспитно-образовниот процес;
- Организирање на вебинари, семинари, обуки за наставници во соработка со разни образовни институции од нашата држава и надвор од неа.

## НАЧИН НА РЕГУЛИРАЊЕТО НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ И МОДЕЛИТЕ НА СОРАБОТКА

**Член 3**

Двете договорни страни се согласни да создаваат атмосфера на меѓусебна почит и доверба и врз основа за остварување на заедничките интереси да организираат и реализираат одбележување на настани од областа на образованието, семинари, работилници, промоции, трибини, одбележување на празници и да реализираат проекти и слично.

## ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ

**Член 4**

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички. Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

## ДОПОЛНУВАЊЕ И ПРЕКИН

Член 5

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс на барања на страните потписнички. Секој од страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување од другата страна потписничка.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Овој Меморандум за соработка влегува во сила на денот на неговото потпишување од страна на двете страни.

**Член 7**

Сите несогласувања околу примената на овој Меморандум за соработка ќе бидат разрешени со заемен договор меѓу потписниците.

| Здружение на просветни работници Куманово | ДСУ - РЦСОО „Киро Бурназ“ Куманово |
|---|---|
| Претседател | в.д. Директор |
| Анита Димовска | Горан Јовановиќ |